ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН

# З А П И С Н И К

Од договорниот состанок во врска со пищувањето на Монографијата за Наум Веслиевски-Овчарот, одржан на 5.3.1990 година

Март 1990 година Ресен

З А П И С Н И К

Од договорниот состанок во врска со пишувањето Монографијата за Наум Веслиевски -Овчарот, одржан на 5.3.1990 година, со почеток во 10 часот.

На разговорот беа присутни следните:

1. Ѓорѓи Прцуловски -Претседател на ОО СЗБНОВ Ресен
2. Боре Јоновски -Досегашен претседател на ОО СЗБ
3. Панде Бојковски -Досегашен член на Одбор за изд.дејност
4. Кице Јанкуловски-Досегашен член на Одбор за издав.деј.
5. Крсте Митревски од Јанкоец
6. Тошо Симовски -од Скопје, Историчар, понуден Автор за пишување на Монографијата.

Во почетокот на состанокот, Претседателот на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен - Ѓорѓи Прцуловски објасни дека овој состанок е закажан во договор меѓу досегашниот Претседател на ОО на СЗБ од НОВ Ресен - Боре Јоновски и Тошо Симовски кој изрази спремност да се прифати за пишување Монографијата за Наум Веслиевски Овчарот, за која цел веќе и во изминатиот мандатен период на СЗБ се преземени одредени активности за собирање на мемоарски и друг материјал кој ќе послужи за пишувањето на монографијата.

Боре Јоновски појасни дека со собирањето на сеќавањата на материјалите се смета дека е при крај. Имено доста активност за оваа цел покажаа секциите на Одредот "Даме Груев" во Битола и Скопје, така да повеќето другари веќе ги доставија своите писмени сеќавања за Овчарот, а дел од материјалите се наоѓа грижливо сочуван кај другарот Крсте Митревски, потоа има нешто материјали во Спомен домот во Златари и Музејската збирка при Домот на културата. Сите овие материјали оцени Јоновски дека се доволни за авторот уште ж веднаш да почни со работа, а во текот на работата секако ќе дојде и до други извори на податоци, а и другарите соборци на Овчарот ќе му стојат на располагање за да придонесат во уточнувањето на настаните во кој Овчарот учествувал.

Беше речено дека треба да се направи уште еден обид за прибирање на сеќавања од Стоилко Ивановски, Таип Таипи, Дане Петковски, Димче Савевски, Бузо од Куманово и некои други.

Во меѓувреме на состанокот дојде лично и другарот Таип Таипи. Во расправата стана збор за кој период да се однесува Монографијата за Овчарот.

Иако имаше искажувања дека Монографијата треба да биде комплетна и го прикаже животот и делото на Овчарот од најраното детство се до конечната смрт, меѓутоа на седницата преовлада мислењето и на крајот конечно беше прифатено дека Монографијата треба да заврши со завршетокот на Војната на Југославија.

Крсте Митревски предложи, а воено беше прифатено, да се даде оглас преку средствата за информирање ( Нова Македонија, Вечер и сл.) со кое ќе се извести пошироката јавност дека се пристапува кон пишување Монографија за Овчарот. Со ова се сметаше дека волем дел од соборците на Овчарот ќе можат да дадат свој непосреден прилог во презентирањето на фактите, а можеби и на тој начин ќе се успее да се пронајде и Првиот Дневник на Овчарот за 1942-1943 год.

Имаку Митревски изјави дека евентуалниот хонорар што би следувал за Дневниокот на Овчарот или другите материја би се поделил на синовите на Овчарот.

Што се однесува за отстапувањето на сите материјали со кои Крсте располага на Авторот, истакна дека тоа ќе се изврши со Записник за примопредавање оверен од Судот.

Потоа на состанокот беше договорено, Боречката организација да се ангажира за обезбедување на хартија за фоfокопирање и сите материјали што се уникат да се фотокопираат како авторот не би бил обврзан за враќање на ракописите.

По донесувањето на Одлука за одредување на Авторот, речено е препис од Одлуката да се достави на Крсте Митревски.

Начело е договорено концепциски книгата да биде составена од три дела и тоа:

I дел Биографијата на Наум Веслиевски-Овчарот,

II дел Револуционерната активност

III Сеќавања на соборците за Овчарот.

Тошо Симовски во врска со авторскиот хонорар се произнесе дека прифаќа да биде одреден согласно Законот за авторските хонорари. Покрај тоа побара да му се надоместуваат сите направени патни, дневни, материјални тошоци сврзани за извршување на оваа задача.

На крај беше нагласено дека по ова прашање треба да се води расправа ( како и за понудениот договор) на седницата на Претседателството или Општинскиот одбор на СЗБ, а след тоа да се конечно склучи договорот.

Записничар,

Претседател,

Ѓорѓи Прцуловски